НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК



# Денес не е важно каде се твори ако работите сериозно

*Дневен весник (Ед. бр. 24232)*
**КУЛТУРА**
30.12.2017 12:35
206



Весна Дамчевска
vesna.d@novamakedonija.com.mk
Повеќе од овој автор

**По долготрајна и посветена работа резултатот е неминовен, а особено со денешниве можности, како Интернет, и лесната комуникација - појавувањето надвор е сосема реално. Се разбира дека изложбите во музеите и галериите во странство остануваат најважниот сегмент во промоцијата, вели Башевски чии скулптури во изминатиов период беа претставени во повеќе важни уметнички центри во светот**

Интересот во творештвото на македонскиот уметник Жарко Башески е свртен кон човекот, па оттаму и интересот за хиперреалистичниот приод во обликувањето на концептот на делото, кој во идејната проекција го надминува и хиперреализмот и говори за животот и за реалноста во која живееме. Скулптурите од циклусот „Обичен човек“ беа дел од повеќе значајни изложби низ светот. Фотографија од скулптура на Башески, пак, се најде во изборот на најдобрите фотомоменти на денот од целиот свет, што го прават уредниците на фотографија на престижниот британски весник „Гардијан“. Тогаш делото на Башески беше дел од изложбата „50 години хиперреалистична скулптура“ во Музејот на современа уметност во Монтереј во Мексико.

**Вашиот „Обичен човек“ ја обиколи Европа, но и светот... Какви се впечатоците од овие претставувања?**
- Можам да кажам само за музејот „Аркен“ во Копенхаген, затоа што таму бев присутен на деновите кога се отвораше изложбата. Речиси секаде отворањата се по неколку дена, а во „Аркен“ беа поделени на 3 дена, што значи, еден ден за новинари, критичари и куратори, потоа вториот ден за љубители на уметност и колекционери, а третиот ден за публика.
За скулптурата би рекол дека беше многу добро прифатена и забележана од присутните критичари и љубители на уметноста. Додека за другите места каде што беше поставена, имам само информации од организаторите и со сигурност можам да кажам дека сум целосно задоволен од реакциите. Самиот податок што во Билбао, Шпанија, за три месеци изложбата ја виделе над 350.000 посетители и бил урнат рекордот на посетеност на музејот, доволно зборува за интересот.

**Бевте дел од изложбата „Преобликувана реалност, 50 години хиперреалистична скулптура“ во Билбао, Мексико и во Копенхаген во период од една година. Станува збор за светски настан на кој вашите дела**

**стоеја до делата на уметници како Рон Мјуик и Сем Џинкс. Привилегија ли е да се биде во вакво одбрано друштво?**
- Изложбата сега се наоѓа во Националната галерија на Австралија, а по неколку месеци се поставува во Ротердам, Холандија, и мислам дека е голема чест да се биде во друштво со најдобрите уметници и тоа во едни од најреспектираните простори во светот.

**Дали тоа е потврда дека и автори од овие простори може да остават важен белег и да бидат во кругот на најдобрите?**
- Тоа е потврда дека денес не е важно каде се твори, ако работата е сериозно сфатена и се има јасна и дефинирана цел и правец на движење. По долготрајна и посветена работа резултатот е неминовен, а особено со денешниве можности, како Интернет, и лесната комуникација - појавувањето надвор е сосема реално. Се разбира дека изложбите во музеите и галериите во странство остануваат најважниот сегмент во промоцијата. Кога сите овие компоненти ќе се вклопат во една целина, резултатот е тој.

**Имате остварено повеќе скулптури во јавен простор (Александар Македонски, Гоце Делчев, Даме Груев, св. Кирил и Методиј…). Предизвик ли ви е сè уште јавната скулптура?**
- Монументалната скулптура секогаш ми била и ќе ми биди предизвик, само затоа што носи со себе една специфична силна енергија, која се шири и влијае врз околината. И, се разбира, среќен сум ако сум успеал да внесам во скулптурата нешто од мене и ако тоа нешто се рефлектира наоколу и останува забележано и запаметено на некој начин.

**Интересот во вашето творештво е свртен кон човекот... Но зошто токму хиперреалистички приод (по кој станавте препознатлив) во обликување на делата?**
- Во почетокот, кога почнав да се занимавам со човечката фигура, немав намера тоа да се движи во тој правец на хиперреализам. Јас и денес мислам дека не сум типичен претставник на хиперреализмот затоа што работам во неприродни димензии на човекот и со одредени нагласувања во согласност и потреба на идејата и целта што сакам да ја постигнам. Значи крајната цел не ми е начинот, туку целта, поточно желбата да ја искажам својата мисла за одредена појава или состојба на човекот.

**Инсистирате на тоа да ја раскажете приказната за обичниот човек. Каква е таа во денешниот општествен контекст?**
- Обичниот човек го раскажувам во неколку скулптури, но другите, покажуваат и други сегменти и моменти од човековото живеење. Денешниов општествен контекст и не ми е најважен затоа што јас секогаш се обидувам да прикажам недетерминирани временски состојби поточно состојби на човечката природа што се среќаваат во сите историски, социолошки, религиозни и други контексти.

**Редовен професор сте на Факултетот за ликовни уметности. Какви генерации уметници доаѓаат?**
- Поинтелигентни, а помрзливи, на кои преголемо влијание имаат политиката и социолошките проблеми што ги има Македонија. Еден од најголемите мои проблеми што ги имам со нив е како да ги извлечам од секојдневната летаргија со која живеат и чувството на немоќ за некакво издигнување над овој социополитички живот.

---


**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ**

Жарко Башевски | скулптор | галерии | музеи

**КОМЕНТАРИ**

Име:

Е-пошта:

Наслов на коментарот:

Објави анонимно

(Кога ќе биде објавен коментарот, нема да биде прикажано името)

Остави коментар

Внеси коментар